**20190640917**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 31 став (9) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/19 ), министерот за финансии донесе

# ТАРИФНИК ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ СИСТЕМ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Член 1

Со овој тарифник се утврдува висината на надоместоците што ги плаќаат договорните органи и економските оператори за користење на Електронскиот систем за јавни набавки.

Член 2

За користење на Електронскиот систем за јавни набавки, договорните органи ги плаќаат следниве надоместоци:

| Вид на услуга | Износ на надоместок по објавен оглас или измена и дополнување на огласот (без ДДВ) |
|---|---|
| Објавување на периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, објавување оглас за јавна набавка за набавка од мала вредност, поедноставена отворена постапка, отворена постапка, ограничена постапка, конкурентен дијалог, партнерство за иновации, конкурентна постапка со преговарање, постапка со преговарање со објавување на оглас, оглас за конкурс за идејно решение | 600 денари |
| Објавување известување за измени или дополнителни информации во постапката | 600 денари |
| Објавување на оглас за воспоставување на квалификациски систем | 6.150 денари |
| Објавување оглас за доделување концесии и јавно приватно партнерство | 6.150 денари |

Член 3

За користење на Електронскиот систем за јавни набавки, договорните органи регистрирани како економски оператори и економските оператори ги плаќаат следниве надоместоци годишно:

| Вид на економски оператор | Услуги | Износ на надоместок за една година (без ДДВ) |
|---|---|---|
| Договорни органи регистрирани како економски оператори<br>Микро трговец<br>Физички лица | - Добивање информации за нови огласи по е-пошта за три избрани категории на набавки<br>- Преземање на тендерска документација<br>- Учество на електронски постапки и електронски аукции. | 2.000 денари |
| Мал трговец<br>Среден трговец | - Добивање информации за нови огласи по е-пошта за три избрани категории на набавки<br>- Преземање на тендерска документација<br>- Учество на електронски постапки и електронски аукции | 4.000 денари |
| Голем трговец | - Добивање информации за нови огласи по е-пошта за три избрани категории на набавки<br>- Преземање на тендерска документација<br>- Учество на електронски постапки и електронски аукции | 8.000 денари |
| Економски оператори од странство | - Добивање информации за нови огласи по е-пошта за три избрани категории на набавки<br>- Преземање на тендерска документација<br>- Учество на електронски постапки и електронски аукции | 130 евра |

За секоја дополнителна избрана категорија на набавка договорниот орган и економскиот оператор доплаќа по 2.000 денари, односно 30 евра за економски оператор од странство.

Член 4

Со денот на отпочнувањето на примената на овој тарифник престанува да важи Тарифникот за висината на надоместоците за користење на електронскиот систем за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/12 и 76/18).

Член 5

Овој тарифник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 април 2019 година.

Бр. 02-3082/1
22 март 2019 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Драган Тевдовски,** с.р.